


# Лекција 1

GTC

GROWTH THROUGH
TRANSFORMATIONAL CHANGES
in the industrial sector influenced by the EU Green Deal and digitalization and
oactive participation of workers in restructuring the changing working environment

# Европски Зелен Договор и праведна транзиц

Co-funded by
the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author (s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them.

Добро утро, започнуваме со серија на лекции посветени на различни прашања поврзани со таканаречената двојна транзиција, која се одвива како дел од проектот ГТЦ финансиран од Европската Унија.

**Проектот ГТЦ** има за цел размена на искуства и знаења меѓу вработените и работодавачите од седум партнерски земји на оваа тема. Овие земји се: Црна Гора, Шпанија, Македонија, Романија, Полска, Србија и Словачка.

Овој семинар е поделен на шест лекции – секоја од нив е посветена на различно прашање поврзано со прашањето за двојната транзиција во Европа. Ќе се фокусираме на следниве прашања: Европски Зелен Договор и Праведна транзиција – како главна рамка за нашите размислувања, а потоа прашање за дигитализација на економијата како второ - веднаш до позеленувањето и аспект на двојната транзиција. Ќе посветиме внимание на прашањето за самата двојна транзиција и состојбата на истражување во оваа област. Следните прашања ќе се однесуваат на класичните теми на социјалниот дијалог, но претставени во контекст на двојната транзиција, односно прашањето за правата на вработените во однос на информирањето, консултациите и учеството во колективното договарање и на крај студии на случај и добри практики.

Се надевам дека овие лекции ќе помогнат да се разјаснат некои основни прашања поврзани со двојната транзиција.

Да започнеме со клучната политика во овој поглед на Европскиот зелен договор.

**Европскиот Зелен Договор**[1] е европска стратегија за одржлив развој усвоена во декември 2019 година. Тоа е пакет на политички иницијативи, кои имаат за цел да им овозможат на европските граѓани и бизниси да имаат корист од одржливата еколошка транзиција, постигнувајќи ја целта, да нема нето емисии на стакленички гасови до 2050 година во Европската Унија и да го одвојат економскиот раст од користењето на ресурсите. Европскиот Зелен Договор обезбедува акционен план за да се овозможи поефикасна употреба на ресурсите преку движење кон чиста и кружна економија, како и спречување на губење на биолошката разновидност и намалување на загадувањето на животната средина. Овој план ги идентификува потребните инвестиции и финансиските алатки на располагање за нивно спроведување. Исто така, објаснува како да се обезбеди праведна и инклузивна транзиција. Оваа иницијатива, го предлага Европскиот закон за климата и трансформирање на заложбата за намалување на емисиите на стакленички гасови во законска обврска.

1 https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/priorities-2019-2024/european-green-deal_en

За постигнувањето на целите на Европскиот зелен договор е потребна акција во сите сектори на нашата економија. Овие активности вклучуваат:

- инвестиции во еколошки технологии
- промовирање на индустриски иновации,
- воведување почисти, поевтини и поздрави облици на приватен и јавен превоз,
- декарбонизација на енергетскиот сектор,
- обезбедување поголема енергетска ефикасност во зградите,
- соработка со меѓународни партнери за подобрување на глобалните еколошки стандарди.

Во преамбулата на Европскиот Зелен Договор се вели:

> *„Оваа транзиција мора да биде и правична и инклузивна: ставање на луѓето на прво место и да не се губат од вид регионите, индустриите и работниците, кои ќе се соочат со најголеми тешкотии. Овој процес ќе повлече длабоки промени, па затоа активното вклучување и доверба на општеството ќе биде од клучно значење за ефективноста на новите политики и нивното прифаќање. Ни треба нов пакт што ќе ги обедини граѓаните во нивната различност и во кој националните, регионалните и локалните власти, граѓанското општество и индустријата тесно соработуваат со институциите и советодавните тела на ЕУ“.*

Во оваа стратегија, Европската Унија си поставува и амбициозна цел да игра светски лидер во трансформацијата кон одржлива економија. Таа сака да го искористи своето влијание, експертиза и финансиски ресурси за да ги мобилизира своите соседи и партнери да се приклучат на напорите за одржлив развој. Изјавува дека ќе продолжи да ги води меѓународните напори на ова поле и сака да гради сојузи со партнери со сличен пристап.

Со поставување на амбициозни климатски и економски цели, Европската Унија се обврзува да обезбеди финансиска поддршка и техничка помош за оние, кои се најпогодени од транзиција кон зелената економија. Тоа ќе се направи преку Механизмот за Праведна Транзиција. Планирано е да се обезбедат 100 милијарди евра за најпогодените региони во 2021-2027 година. Механизмот за праведна транзиција е клучна алатка за да се осигура, дека транзицијата кон климатско неутрална економија е правична, без да остави никого зад себе. Се состои од три главни столба: Фондот за Праведна Транзиција, Шемата за Праведна Транзиција во рамките на Програмата InvestEU и средствата за кредитирање на јавниот сектор на Европската Инвестициска Банка.

- Нов Фонд за Праведна Транзиција со буџет од 40 милијарди евра, кој е наменет за генерирање инвестиции во вредност од најмалку 89-107 милијарди евра. Овие средства ќе доаѓаат од буџетот на ЕУ, како и од Европскиот Фонд за регионален развој (ЕРДФ) и од Европскиот Социјален Фонд плус (ЕСФ+). Фондот ќе ги поддржи инвестициите во мали и средни претпријатија, создавање нови бизниси, истражување и

иновации, регенерација на животната средина, чиста енергија, усовршување и обука на работниците, помош за барање работа и активно вклучување на програми за барање работа, како и трансформација на постојните инсталации со високи емисии, под услов овие инвестиции да доведат до значително намалување на емисиите и заштита на работните места.

- Следна програма тоа е Сиситемот на Праведна Транзиција во рамките на **InvestEU**, кој спрема планот треба да ја започне инвестицијата во износ од 45 милијарди евра во поширок низ на пројекти, во споредба со Фондот на Праведна Транзиција, на пример пројекти кои се однесуваат на енергетска и транспортна инфраструктура, во тоа плинска инфраструктура и топлификација, но исто така пројекти на декарбонизација, диверзификација на економијата и социјалната инфраструктура.
- Заемот за јавниот сектор на Европската Инвестициска Банка ќе располага со буџет од 10 милијарди евра, со поддршка од 1,5 милијарди евра директно од буџетот на Европската Унија. Предвидено е да започне со инвестиции до 30 милијарди евра во периодот 2021-2027 година. Овие заеми ќе им осигурат на субјектите од јавниот сектор средства за спроведување мерки за олеснување на транзицијата кон климатска неутралност. Поддржаните инвестиции ќе вклучуваат енергетска и транспортна инфраструктура, мрежи за централно греење, мерки за енергетска ефикасност, вклучително и реновирање на згради, како и социјална инфраструктура.

Додека Фондот за Праведна Транзиција ќе обезбедува финансирање главно во форма на грантови, другите два финансиски текови ќе стимулираат јавни и приватни инвестиции во форма на заеми, поддржувајќи финансиски инвестициски проекти.

Понатаму, на оперативно ниво, Европската Унија ја воспостави Платформата за Праведна Транзиција, која ги поддржува земјите и регионите на Европската Унија во процесот на праведна транзиција. Тоа е сеопфатна точка за пристап и информации, како и обезбедување сеопфатна техничка и советодавна поддршка. На платформата, властите и корисниците можат да ги најдат сите потребни информации за средствата, вклучувајќи можности за финансирање, релевантни регулаторни ажурирања и секторски иницијативи.

Транзицијата кон одржлива и климатски неутрална економија ќе бара значителни инвестиции ширум Европа. Сепак, треба да се запамети, дека рударската индустрија (камен јаглен, лигнит, тресет и нафтени шкрилци), поврзаните сектори за производство на енергија и сектори, кои особено абсорбираат енергија (на пример, производство на цемент, челик, алуминиум, ѓубрива и хартија) се концентрирани во одредени региони за што процесот на транзиција ќе претставува сериозен предизвик. Овие области ќе бараат преструктуирање и диверзификација на економските активности, одржување на социјалната кохезија и обука на работниците и младите луѓе, да ги подготват работните места во иднината.

Платформата за праведна транзиција има за цел да им помогне на земјите и регионите на ЕУ да добијат поддршка од Механизмот за Праведна Транзиција. Платформата ќе биде алатка за сеопфатен пристап до поддршка и знаење во областа на праведна тран-

зиција. Платформата ќе ги обезбеди сите податоци и информации потребни за јавните власти и корисниците, вклучувајќи можности за финансирање, ажурирања на регулативата и секторски иницијативи. Особено, платформата ќе понуди техничка поддршка и совети за засегнатите страни вклучени во активностите поврзани со Механизмот за Праведна Транзиција. Платформата за праведна транзиција ќе ја надгради и прошири тековната иницијатива за регионите со јаглен во транзиција. Тековната иницијатива ги поддржува регионите што произведуваат фосилни горива во ЕУ за да постигнат праведна транзиција. Се нуди насочена поддршка и градење капацитети. Важен елемент на механизмот за праведна транзиција ќе биде развојот на планови за територијална праведна транзиција од страна на земјите-членки. Овие планови ќе ги идентификуваат социјалните, економските и еколошките предизвици, кои произлегуваат од затворањето на активностите за фосилни горива и декарбонизацијата на производите и процесите со висок интензитет на стакленички гасови. Ќе биде презентиран и план за трансформација до 2030 година, вклучувајќи развојни потреби, преквалификација на вработените и рекултивација на животната средина. Плановите ќе го специфицираат распоредот, како и активностите и механизмите за управување неопходни за постигнување на превземените цели. Земјите-членки ќе треба да се погрижат, плановите да бидат конзистентни со нивните национални енергетски и климатски планови. Шаблон за планови за територијална праведна транзиција може да се најде во Анекс II од предложената регулатива на Фондот за Праведна Транзиција.

Територијалните планови за праведна транзиција ги дефинираат областите што ќе добијат средства од Фондот за Праведна Транзиција. Овие области се назначуваат по пат на дијалог со Комисијата. Плановите содржат описи на предизвиците специфични за поединечни области, нивните развојни потреби и цели што треба да се постигнат до 2030 година. Тие ги определуваат видовите на планирани активности и механизмите за управување. Одобрувањето на плановите за територијална праведна транзиција го отвора патот за добивање посебно финансирање од другите два столба на механизмот за праведна транзиција.

Поддршката во областа на праведна транзиција ќе им биде достапна на сите земји-членки на Европската Унија, со посебен акцент на регионите со највисок интензитет на емисии на стакленички гасови и регионите каде што повеќето луѓе работат во секторот за фосилни горива. Земјите-членки ќе добијат финансирање под услов да развијат планови за територијална праведна транзиција, кои го покриваат периодот до 2030 година и да ги наведат областите, кои се најмногу погодени од трансформацијата и кои треба да добијат најголема поддршка. Плановите, исто така, треба да определат најдобри начини за ублажување на социјалните, економските и еколошките проблеми.

| Групи за поддршка | Вид на поддршка |
|---|---|
| **Жителите на регионите** најмногу изложени на ефектите од транзицијата | • поголеми можности за вработување во нови и трансформирачки сектори,<br>• можност за промена на квалификациите,<br>• подобрување на енергетската ефикасност на зградите,<br>• инвестирање во борбата против енергетската сиромаштија,<br>• подобар пристап до чиста, евтина и безбедна енергија |
| **Претпријатија и сектори,** кои вршат активности кои резултираат со високи емисии на јаглерод | • поддршка на транзицијата кон технологии со ниски емисии и економска диверзификација врз основа на инвестиции и работни места отпорни на климата,<br>• создавање атрактивни услови за јавни и приватни инвеститори,<br>• обезбедување полесен пристап до кредити и заеми и финансиска поддршка,<br>• инвестирање во создавање на нови компании, мали и средни претпријатија и старт-ап,<br>• инвестирање во истражување и иновации |
| **Земјите-членки и регионите** кои во голема мера зависат од фосилни горива и индустрии кои емитираат големии количини на јаглерод | • поддршка на транзиција кон активности со ниски емисии и независни од климатски промени,<br>• отворање нови работни места во зелената економија,<br>• инвестирање во јавен, одржлив транспорт,<br>• обезбедување техничка помош,<br>• инвестирање во обновливи извори на енергија,<br>• усовршување на мрежата за дигиталнии врски,<br>• доделување заеми на јавните органи на локално ниво,<br>• подобрување на енергетската инфраструктура и системи за греење и транспортните мрежи |



Co-funded by the European Union

Finansowane przez Unię Europejską. Wyrażone poglądy i opinie są jednak wyłącznie poglądami autora (autorów) i niekoniecznie odzwierciedlają poglądy Unii Europejskiej lub Komisji Europejskiej. Ani Unia Europejska, ani organ udzielający dotacji nie mogą być za nie pociągnięte do odpowiedzialności.